Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

**Образец ВОИ. 50**

Член 26 и член 30 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23).

| В | О | И | 2 | 0 | 2 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|---|

**СТАТИСТИЧКИ ПРАШАЛНИК**
**ЗА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ И ВИСОКИТЕ СТРУЧНИ ШКОЛИ ВО 2024 ГОДИНА (01.01-31.12)**

Податоците што се прибираат со овој образец претставуваат индивидуални податоци, заштитени со Законот за државната статистика и ќе се користат исклучиво за статистички цели

**Пополнува високообразовната установа**

**Универзитет:** ____________________

**Назив на факултет/школа:** ____________________

**Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС)** ____________________

**Реден број на единицата во состав (локалната единица)** ____________________

**Отсек** ____________________

**Насока (смер)** ____________________

**Општина** ____________________

**Населено место** ____________________

**Улица** ____________________ **куќен број** __________

**Телефон** __________ **Е - пошта** ____________________

**Степен на завршени студии за дипломираниот студент (да се заокружи соодветната шифра)**

**Стручни студии** ..................... 1

**Академски универзитетски студии** ..................... 2

**Интегрирани студии** ..................... 3

**Податоци за лицето**

**1. Презиме** ____________________

Име ____________________

Име на еден од родителите ____________________

**2. Пол** машки ........ 1 женски ........ 2

**3. Единствен матичен број на граѓанинот**

ден | месец | година | останати 6 бр. од ЕМБГ

**4. Место на раѓање**

Населено место ____________________

Општина ____________________

Назив на држава ____________________

**5. Место на живеење**

Населено место ____________________

Општина ____________________

Назив на држава ____________________

**6. Државјанство** ____________________

**7. Припадност кон етничка заедница (наведи)** ____________________

**8. Начин на студирање**

Редовен студент 1

Вонреден студент 2

**9. Кога прв пат сте се запишале на овој факултет - школа**

Која академска година

Во кој семестар

**10. Дали пред уписот на овој факултет/школа сте биле запишани на друг факултет или висока стручна школа**

Да 1

Не 2 → 12

**11. Колку СЕМЕСТРИ/КРЕДИТИ ви се признати при уписот на овој факултет/школа**

Семестри

Кредити

**Податоци за ПРЕТХОДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ на лицето**

**12. Вид и назив на завршената школа**

**13. Година на завршување на школата**

**14. Држава во која завршил**

Основно образование

Средно образование

**15. Занимање**

на родителот/издржувателот

на студентот

**16. Економски статус (да се заокружи само еден модалитет)**

**НА РОДИТЕЛОТ/ИЗДРЖУВАТЕЛОТ**

Вработен 1

Работодавец 2

Вработен за сопствена сметка 3

Неплатен семеен работник 4

Невработено лице 5

Пензионер 6

Непознато 9

**НА СТУДЕНТОТ**

Вработен 1

Работодавец 2

Вработен за сопствена сметка 3

Неплатен семеен работник 4

Невработено лице 5

Пензионер 6

Непознато 9

**Потребно време за пополнување на извештајот** **минути**

Прашалникот го пополнил

во дата

За точноста на податоците со кои располага факултетот одговара

(потпис на одговорното лице)

(М.П.)

**Цел на истражувањето**

По извршената обработка на податоците од индивидуалните извештаи ВОИ.50 ќе се добијат збирни податоци за бројот на дипломираните лица во соодветна календарска година, според различни белези.

**Заштита на лични податоци**

Индивидуалните податоци, прибрани и обработени, можат да се користат исклучиво за статистички цели. Поединечни податоци не можат да се користат за донесување на какви било одлуки во врска со правното или физичкото лице на кое се однесуваат. Податоците се објавуваат како агрегирани по одделни карактеристични белези, (Закон за државната статистика „Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20).

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ ВОИ.50

Образецот ВОИ.50 се пополнува за секој студент кој дипломирал на некоја високообразовна установа (факултет или висока стручна школа) во текот на календарската година (од 01.01. до 31.12.).

Пополнетите обрасци се доставуваат до Државниот завод за статистика тримесечно и тоа секој 5-ти во месецот за изминатото тримесечје. Сите прашања треба да имаат одговор.

**Податоци за високообразовната установа** - На предвидените линии се впишува официјалниот назив на Универзитетот и факултетот/ високата стручна школа како и називот на отсекот и насоката на која студентот дипломирал.

**Единствен матичен број на субјектот и Реден број на единицата во состав** се впишуваат според решението за регистрација на високообразовните установи во Евиденцијата на деловните субјекти.

**Населено место на факултетот/школата** - На предвидените линии се впишуваат адресните податоци (улица и број), називот на населеното место и општината, како и телефонскиот број.

**Степен на завршени студии** - Се заокружува еден од понудените одговори, во зависност од тоа, според која програма студентот завршил односно дипломирал (во моментот на дипломирање).

**Прашање 2** - Се заокружува еден од дадените одговори

**Прашање 3** - Се впишува од личната карта на дипломираниот студент директно во означените места за ден, месец, година на раѓање и останатите 6 броја од ЕМБГ - задолжително.

**Прашање 4** - На линиите студентите - државјани на Република Северна Македонија и студентите - државјани на други држави го впишуваат точното место на раѓање, општината, називот на државата во која се родени.

**Прашање 5** - На линиите студентите - државјани на Република Северна Македонија и студентите - државјани на други држави го впишуваат точното место на постојано живеење, општината, називот на државата во која живеат.

**Прашање 6** - Студентот го впишува државјанството во согласност со Законот за државјанство. Студентите државјани на други држави го впишуваат државјанството кое го имаат.

**Прашање 7** - На линијата се запишува припадноста кон етничка заедница (националната припадност) според слободно изјаснување на лицето.

**Прашање 8** - Се заокружува бројот покрај еден од можните одговори.

**Прашање 11** - Доколку лицето пред уписот на овој факултет било запишано на друг факултет, ги впишува бројот на семестрите/кредитите кои му биле признати при уписот на овој факултет.

**Прашање 12** - Се впишува називот на претходно завршената школа (гимназија, економско). Лицето кое порано дипломирало на некоја висока стручна школа, факултет или уметничка академија го впишува називот на претходно завршената школа.

Лице кое завршило прв степен на настава, покрај називот на факултетот или уметничката академија впишува уште и "I степен на настава".

Лицето кое студирало на некоја висока стручна школа, факултет или уметничка академија, а не дипломирало, го впишува називот на претходно завршеното средно училиште.

**Прашање 15** - Под занимање се подразбира вид на работа со која некое лице се занимава со цел стекнување средства за живот. Одговорот треба да биде што подетален, на пример: рудар, благајник, професор, лаборант и сл. Студентите издржувани од родителите, го впишуваат занимањето на еден од родителите (на таткото или мајката), а на линијата покрај зборовите "студент" ставаат црта (-). Студентите кои немаат родители, односно издржувател, го впишуваат поранешното занимање на родителите, а кај зборовите "дипломираниот студент" ставаат црта (-).

Студентите кои постојано се вработени го впишуваат своето занимање, а на линијата покрај зборовите "родител - издржувател" ставаат црта (-).

**Прашање 16** - Се заокружува бројот покрај еден од можните одговори за родителот - издржувателот, односно дипломираниот студент.

**Вработен - шифра 1** - се заокружува:

- за лица кои се во работен однос (на неопределено или определено време), во претпријатија и други асоцијации на претпријатија, во банки, друштва за осигурување имоти и лица и други финасиски организации, во земјоделски задруги, во државни органи, фондови, во други организации, политички партии и здруженија на граѓани;

- за лица кои работат во приватни дуќани или земјоделски стопанства кои не се сопственици (вклучувајќи ги и членовите на домаќинството) кои за својот труд примаат плата или некој вид надоместок во готово или во натура без оглед на тоа дали се или не се социјално и пензиски осигурани;
- за лица кои засновале работен однос: во приватни претпријатија и дуќани, во дипломатски, трговски и други претставништва на други држави и лица од странство во Република Северна Македонија во мешовити претпријатија, банки итн.

**Работодавец - шифра 2** - се заокружува за оние лица кои управуваат со сопствено претпријатие (кое е регистрирано како правно лице) и за лицата кои како сопственици учествуваат во управувањето односно водењето на работите на претпријатието (мешовито, задружно или приватно) и притоа вработуваат еден или повеќе работници. Овој одговор се заокружува и за оние лица кои работат во сопствен дуќан (занаетчиски, трговски, угостители или друг вид), за лица кои самостојно вршат дејност во вид на занимање (адвокат, стоматолог, филмски работник, вајар и слично).

**- Вработен за сопствена сметка (самовработен) - шифра 3** - се заокружува за лицата кои имаата сопствено претпријатие, самостојно вршат дејност и работат на земјоделски имот со цел да остварат приход, а притоа не вработуваат други лица.

**- Неплатен семеен работник - шифра 4** - се заокружува за сите лица кои работат во претпријатие, дуќан, земјоделски имот или друга работа во сопственост на некој член од нивното домаќинство, а притоа не добиваат плата или друг вид надоместок.

**Невработено лице - шифра 5** - се заокружува за лица кои фактички не се во работен однос и се пријавуваат во заедницата-бирото за вработување заради вработување.

**За пензионер - шифра 06** - се заокружува за лица кои не се во работен однос, т.е. примаат старосна или по друг основ пензија.